
Арсенчо Алексовски

НЕКОЈ БИЛ НАВРЕДЕН

На ден 13.05.2020 година добив – „ Барање за јавно извинување“ од градоначалникот Борјанчо Мицевски а во врска со мојот текст на фејзбук од 01.05.2020 година под наслов:
 - ЕЈ МИЗЕРИЈО ОД ЧОВЕК ШТО ПРАВИШ?-

Имено истиот бара да му се извинам за навредливите зборови –„ Мизеријо од човек“, „Ти си една обична помија“, „Поданик“, „Предавник“ и др.

Искрено кажано во овој текст јас него ниту го имам спомнато по име и презиме, ниту како градоначалник, ама ете човекот се пронашол баш во овие зборови, односно се видел како во огледало дека е тој и што е тука мојата вина? Имајќи го во предвид тоа дека во државата си имаме приватизирано судство од страна на владеачката партија, кое ќе работи баш онака како што ќе им се заповеда, а и за воља на вистината тоа се потврди кога го слушнавме и градоначалникот баш пред некое време кога истиот излезе на прес конференција и им нареди на судиите и обвинителите што и како треба да работат, на кого треба да поднесат кривична пријава и кого треба да го казнат и огласат за виновен. Реално не би сакал да се занимавам со глупости, па еве јавно се извинувам, затоа што Борјанчо Мицевски иако никаде не спомнат со име и презиме или со функција, ама се пронашол и се навредил од зборовите: ТИ СИ ЕДНА ОБИЧНА ПОМИЈА, МИЗЕРИЈО ОД ЧОВЕК, ПОДАНИК,ПРЕДАВНИК И ДР.

Оставам на јавноста да процени кој е повреден и навреден дали тој што го уништува, или пак јас што сум го направил тој плоштад во времето кога сум бил градоначалник на Крива Паланка, како и граѓаните на кои сака да им уништи дел од историјата, која ја

нарекува туѓа, да уништи плоштад украсен со сонцето кое е во срцето на мнозина од нас. Граѓаните нека проценат дали со тие зборови сум го навредил. Токму поради тоа ги објавувам уште еднаш текстот под наслов „ЕЈ МИЗЕРИЈО ОД ЧОВЕК ШТО ПРАВИШ“ како и неговото барање за јавно извинување.





ЕЈ МИЗЕРИО ОД ЧОВЕК ШТО ПРАВИШ!
Кога го градевме плоштадот "Карпошово востание" го градевме и се гордеевме со тоа. Се гордеевме како паланчани не како членови на политички партии. Сега на најподмолен начин во време на полициски час го откорнуваш сонцето на вергина од градскиот плоштад и тоа онака, поданички и предавнички баш како што ти личи. Си го покажувате правото лице. Тој симбол меѓу другото беше и првото државно знаме на повеќепартиска Република Македонија. И сега ти неспособен за нешто ново да направиш мислиш дека со вакви предавнички работи ќе се прославиш. Ејј мизеријо од чпвека, што правиш?
Точно можеби грците ќе ти кажат браво но сите македонци ќе те презираат мизерио. Впрочем ти и ништо не направи ново само уништуваш. Со својата сопствена програма го избриша подот и виде дека мојата програма е навистина за почит и сега се што правиш е реализација на мојата програма. Кажи мизеријо, една работа што направи за градот ново, а да е дел од твојата програма, немаш ништо затоа што не си способен, кажи еден нов проект - од идеја до реализација, немаш, затоа што не си способен. На изградената спортска сала менуваш име како да е тоа толку голема работа,- можеби ќе го ставиш во отчетот. На направен плоштад со македонски симболи ги скрвнариш и се поигриваш со чувствата на македонците тоа ли е твојот максимум, тоа ли е твојот врв. Незнам зошто уште не ја сруши црквичката што ја изградив пред Општина зашто како Безбожници сигурно и тоа ви смета !!!
А за крај да кажам: дали си свесен дека со ова само докажуваш дека моите проекти и дела се вредност за градот, а ти си само една обична ПОМИЈА!



АДВОКАТ
МИТКО МИТРОВСКИ
Крива Паланка

Адвокатска канцеларија на Адвокат Митровски Митко, со седиште на ул.Јане Сандански бр.24 – Кр.Паланка. Телефон за контакт:070 368 – 022, Е маил: advmitko@yahoo.com

ДО: АРСЕНЧО АЛЕКСОВСКИ
ул Борис Трајковски бб
КРИВА ПАЛАНКА

**ПРЕДМЕТ:** Барање за јавно извинување за објавениот текст на социјална мрежа - Вашиот Facebook профил на 01.05.2020 година.

На 01.05.2020 година на социјална мрежа - Вашиот Facebook профил имате објавено текст во кој спрема мене како носител на Јавна функција - Градоначалник на Општина Крива Паланка и како човек - граѓанин на Крива Паланка, имате напишано повеќе навреди и клевети, со која содржина намерно сакате да ме омаловажите и понижите пред пошироката јавност.

Во текстот ме навредувате зо крајно навредливи и ниски зборови како "Мизеријо од човек", "Ти си само една обична Помија", а исто така и вршите клевети со зборовите "поданик", "предавник" и др., со што силно ја имате повредено мојата чест и углед во градот и пошироко во Република Северна Македонија.

Поради наведеното Барам од Вас во рок од пет дена по приемот на Барањето, кое исто така ќе биде објавено на начин како Вие ги имате објавено навредите и клеветите, клеветите, јавно да се извините за напишаните навреди и дадените клевети, крајно лажни и над се со срамна содржина, на начин како што се и објавени.

Доколку не го сторите тоа најавувам поднесување на граѓанска Тужба до надлежниот Суд против Вас, согласно одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Крива Паланка,
11.05.2020 година

Градоначалник на Општина
Крива Паланка
Борјанчо Миќевски